# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

**ИНФОРМАТОР 2** | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 2ро издание | Јуни, 2020

Проектот е финансиран од Европската Унија
Под-грант: „Бизнис План 2019 – 2020 година“
број на под-грант: 0307-090 | грант бр: IPA/2017/392898

## Влијанието на КОВИД-19 во работата на МАЗЗ

Програмскиот дел на МАЗЗ кој се однесува на активности од проектот „Бизнис План 2019-2020“ со период на реализација од 01.07.2019 до 31.12.2020 спроведуван од CARE и МРФП, а поддржан од Европската Унија со финансиска поддршка во висина од 90.000 евра, резултираше со одредени поместувања кои беа афектирани од светската здравствена криза т.е. пандемијата КОВИД-19. Дел од планираните активности за кои беше потребно физичко присуство и групирање на луѓе беа пролонгирани за периодот кој што следува а додека одредени активности беа спороведени онлајн. Меѓудругото, целото проектно работење во овој период беше отежнато и сведено на минимум. Но, иако Извршната канцеларија извесно време беше затворена одредени прашања кои ги засегаат задругарите беа адресирани/процесоирани до соодветните институции се со цел нивно надминување и побрзо решавање. МАЗЗ, писмено реагираше и за неисплатените обврски на задругарите од страна на АФПЗРР во однос на мерка 131 – (Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност) од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година. Дополнително нераспишувањето на повик за аплицирање на горенаведената мерка за првиот квартал од 2020 година предизвика забуна кај задругарите за тоа дали да аплицираат или не, при што по добиена информација од страна на Платежната агенција, МАЗЗ го информираше своето членство дека повикот за аплицирање по мерка 131 ќе биде објавен во периодот кој што следува и истите ќе ја добијат информацијата на време.

## Изборни процеси во МАЗЗ

Во насока и во согласност со мерките за безбедност и заштита на Владата на Република Северна Македонија, поврзани со опасноста од вирусот КОВИД-19, вонредното Изборно Собрание на МАЗЗ кое беше планирано да се одржи на 18.03.2020 година беше одложено. Неколкукратното воведување на вонредни состојби во државата дополнително го пролонгираше рокот за одржување на Изборна седница на Собрание на МАЗЗ односно истата беше одложена на неопределено време.

МАЗЗ внимателно ги следеше состојбите во државата и заедно со делегатите на Собранието донесе одлука за распишување и закажување на Избори во МАЗЗ, веднаш штом ќе се создадат поволни услови за тоа и во никој случај да не ја загрозуваат безбедноста на членките на МАЗЗ.



# Јакнење на управувачките структури и членство на МАЗЗ

МАЗЗ во периодот април-мај 2020 година објави 6 повици за ангажирање на консултанти за спроведување на обуки наменети за управувачките структури и членките на МАЗЗ како дел од предвидените активности во проектот Бизнис План 2019-2020. Повиците се однесуваа за ангажирање на консултанти за:

- Лобирање и застапување,
- Тим билдинг и управување,
- Подготовка на бизнис план, Маркетинг и продажба,
- Промоција и Брендирање на производи,
- Состојбата на жените во земјоделството и предизвиците со кои се соочуваат и
- Загадување од пестициди во земјоделството и заштита на животната средина

Избраните консултанти обуките да ќе ги реализираат во периодот јули-септември 2020 година и истите се дел од планираните активности во проектот на МАЗЗ – Бизнис план 2019-2020.

МАЗЗ исто така во претходниот период објави повик и избра консултант за финализирање на веќе започнатиот процес за изработка на Стратешки план на МАЗЗ 2020-2025 година кој ќе им помогне на членовите на Управниот одбор да развијат целосен документ што ќе ги одразува потребите на организацијата, како и да ги открие слабостите, предизвиците и начините за нивно надминување со долгорочен ефект.

Со воспоставување на појасно дефинирана стратешка рамка за работа, преку изготвување на Стратешки план за развој на МАЗЗ за периодот 2020-2025 година консултантот ќе обезбеди рамка за краткорочно / годишно планирање и процеси за планирање на проекти. Стратешкиот план треба да обезбеди појасни насоки за работата на административните структури на МАЗЗ, како и други можни промени во внатрешната организација на МАЗЗ;





# Членство на МАЗЗ

"Преспанско јаболче-Преспанка" новоформирана земјоделска задруга од Ресен, стана дел од семејството на МАЗЗ. Со тоа бројот на членки во МАЗЗ достигна бројка од 43 земјоделски задруги од сите 8 плански региони и сектори. МАЗЗ останува единствена чадор организација која ги обединува и ја консолидира работата на земјоделските задруги на еден модерен и демократски начин и дејствува во насока на унапредување и развој на земјоделското производство и руралните средини преку позитивна промоција на економското здружување во задруги.

## Членки на МАЗЗ 2012-2019

| | НАЗИВ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА | СЕДИШТЕ НА ЗЗ |
|---|---|---|
| 1 | ЗЗ РЕСГРУП | с. Волкодери, Ресен |
| 2 | ЗЗ ВЕГЕФРЕШ | с. Куклиш, Струмица |
| 3 | ЗЗ АГРО-КЛУБ ИМИЦ | с.Богородица, Гевгелија |
| 4 | ЗЗ ПРВА ЛОЗАРСКА КООПЕРАТИВА | Неготино |
| 5 | ЗЗ АГРО КООПЕРАТИВА | с. Муртино, Струмица |
| 6 | ЗЗ АГРО ЛОЗОВО | с. Лозово, Општина Лозово |
| 7 | ЗЗ АГРАРЕН БЛОК 2013 | с. Арачиново, Скопје |
| 8 | ЗЗ ЕКО КООПЕРАТИВА | с. Крстов Дол, Крива Паланка |
| 9 | ЗЗ МАЛЕШЕВО ПРОДУКТ | Берово |
| 10 | ЗЗ ЕКОПРОДУКТ | с.Konче, Радовиш |
| 11 | ЗЗ РУРАЛ ИНВЕСТ | Струга |
| 12 | ЗЗ ПИЈАНЕЧКА СЛИВА | Делчево |
| 13 | ЗЗ РАНОГРАДИНАР БАНСКО | с. Банско, Струмица |
| 14 | ЗЗ ОРГАНИК АГРО ФАРМА | Прилеп |
| 15 | ЗЗ АГРО-КУКЛИШ | с. Куклиш, Струмица |
| 16 | ЗЗ ЕКО-ИЛИНДЕН | с. Мустафино, Свети Николе |
| 17 | ЗЗ ПРОБУДА 2015 | Крива Паланка |
| 18 | ЗЗ ОВЧЕ ПОЛЕ МИТ | Свети Николе |
| 19 | ЗЗ АГРО-БЕЛИ | с.Бели, Кочани |
| 20 | ЗЗ АГРО БОГДАНЦИ | Богданци |
| 21 | ЗЗ АГРО ЕКОНОМИЈА ТРЕЈД | с.Могила, Општина Могила |
| 22 | ЗЗ ОХРИДСКА ЧЕРЕШНА 2015 | с. Долно Лакочереј, Охрид |
| 23 | ЗЗ КРАНИ | с. Крани, Ресен |
| 24 | ЗЗ БОЈМИЈА – БАЛИНЦИ | с. Балинци, Валандово |
| 25 | ЗЗ ПЕТРУШКА РЕКА МИРАВЦИ | с.Миравци, Гевгелија |
| 26 | ЗЗ ЈУЖЕН БИСЕР ПЛУС | с. Стојаково, Богданци |
| 27 | ЗЗ МАКЕДОНСКИ ЕКО ПРОДУКТ | с.Кучково, Скопје |
| 28 | ЗЗ ЕКО МЕД ДЕБРЦА | с .Лешани, Дебрца |
| 29 | ЗЗ НПГ-НАПРЕДОК | с. Негорци, Гевгелија |
| 30 | ЗЗ НЕКТАР-БТ | Битола |
| 31 | ЗЗ АГРО ДЕЛТА | с. Долна Враштица, Конче |
| 32 | ЗЗ РЕКАНСКИ ФАРМЕРИ | с. Трница, Маврово- Ростуше |
| 33 | ЗЗ ШАФРАН ДОЛНЕНИ | с. Десово, Општина Долнени |

## Членки на МАЗЗ јануари - февруари 2020

| | НАЗИВ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГА | СЕДИШТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА |
|---|---|---|
| 1 | ЗЗ АГРО ДОРФ | с. Дорфулија, Лозово |
| 2 | ЗЗ ДАБИЛЧАНКА | с. Дабиле, Струмица |
| 3 | ЗЗ ПРВА ОРГАНСКА ЗАДРУГА | Валандово |
| 4 | ЗЗ БЕСТ ОФ ПРЕСПА | с. Царев Двор, Ресен |
| 5 | ЗЗ АГРО ПУРА | с. Црешка, Штип |
| 6 | ЗЗ ЗЕМЈОДЕЛСКО МАШИНСКА КООПЕРАТИВА – УСЛУЖНА | Пробиштип |
| 7 | ЗЗ ПЧЕЛИН РАЈ | Струмица |
| 8 | ЗЗ ОРГАНСКИ ЗРАК | Струмица |
| 9 | ЗЗ ЕКО ОВЧЕПОЛКА | Куманово |
| 10 | ЗЗ ПРЕСПАНКА – ПРЕСПАНСКО ЈАБОЛЧЕ | Ресен |

Графикон - членство 2012-2020



# Графички приказ на застапеност на земјодеслки задруги - членки на МАЗЗ по регион и сектор

Графикон - застапеност на земјоделски задруги по плански региони




Графикон - застапеност на земјоделски задруги по сектори



Во рамките на проектот ''Поддршка за развој на земјоделски задруги" (www.zadrugi.mk) финансиран од Европската Унија а спроведуван од CARE Германија/Луксембург е.В. и Македонската развојна фондација за претпријатија беше објавен и повик за економски изведливи инвестиции на земјоделските задруги кои го зголемуваат нивното оперативно управување, маркетинг и годишен приход и креираат нови синџири на вредности. На вториот повик од ваков тип, можност за аплицирање имаа како новоформираните така и постоечките задруги во РСМ. Како за информација 75% од членките на МАЗЗ се добитници/корисници на финансиска поддршка од Европската Унија е за инвестиции во објекти и опрема за преработка, складирање и маркетинг на земјоделски производи со кои се подобруваат капацитетите на земјоделски задруги и конкурентноста на земјоделството.

ЗАЕДНО Е ПОДОБРО!

Поддршка за развој на земјоделски задруги

## Јакнење на човечките ресурси во МАЗЗ / Одржливост на МАЗЗ

Институционалната поддршка на МАЗЗ реализирана преку проектот Бизнис План 2019-2020 финансиран од Европската Унија овозможи јакнење и на капацитетите на организацискиот тим на МАЗЗ преку посета на онлајн обуки за планирање на проекти и пишување на проектни апликации. Во таа насока во периодот април-мај 2020 година, од страна на Извршната канцеларија на МАЗЗ беа поднесени 4 проектни апликации на отворени повици од Европски и други расположливи фондови.

Една од проектните апликации беше позитивно оценета и со тоа МАЗЗ стана корисник на институционален грант од вториот повик во новата фаза на Цивика Мобилитас (ПЦМ-ИНС-05). Целта на финансиска поддршка од овој тип на грантови е унапредување на институционалниот развој и организациско јакнење на МАЗЗ заради надминување на организациските предизвици и зголемување на својот придонес во општеството. Периодот на спроведување на институционалниот грант на МАЗЗ ќе се одвива во две етапи и тоа започнувајќи од 01.07.2020 - 30.06.2021 година (првата година) и од 30.06.2021 година до 30.06.2022 година (втора година) и вкупниот износ на грантот изнесува 3.446.500 денари.

Цивика Мобилитас е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ)

CIVICA MOBILITAS

# Одбележување на Меѓународниот ден на задруги 2020




Меѓународниот ден на задруги се одбележува првата сабота од јули секоја година. Целта на овој настан е да се зголеми свеста за задругите, како и да се зајакнат и прошират партнерствата меѓу меѓународното движење за соработка и други придружни организации и актери, вклучително и Владите. За таа цел на 4 јули Генералниот секретар на МАЗЗ преку видео обраќање на членството на МАЗЗ им го честита Меѓународниот ден на задруги.

Темата на Меѓународниот ден на задруги за 2020 година е кооперативи за климатска акција каде целата енергија ќе биде насочена и ќе се фокусира на придонесот на задругите во борбата против климатските промени, како еден од најтешките предизвици со кои се соочува нашата планета во текот на 21 век. Климатските промени сериозно влијаат врз животната средина на луѓето ширум светот, особено на најзагрозените групи како што се малите земјоделци, жените, младите и етничките малцинства, кои мораат да се справат со екстремни природни непогоди и деградација на природните ресурси.

Обраќање на Генералниот секратар на МАЗЗ:

*Меѓународното кооперативно движење мора да ја искористи оваа важна можност и да заземе став како глобален актер на промени за да соработува со своите партнери во рамките на меѓународната заедница. Овој колективен напор може значително да влијае на климатската агенда и да постигне фер, зелена и праведна транзиција за сите заедници, и притоа да не изостави никој.*

*Во таа насока МАЗЗ, преку проектот Бизнис План 2019-2020, реализиран во рамките на проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги", кој го спроведуваат CARE и МРФП, а е финансиски поддржан од Европската Унија, дел од своите активности ќе ги насочи кон подготовка на Прирачник за влијанието на климатските промени во земјоделството и начините и предизвиците за справување на земјоделските задруги со нив како и обуки за членките за заштита на животната средина од загадувања во земјоделството.*

*На овој начин МАЗЗ ќе даде свој придонес и ќе биде дел од задругите ширум светот кои преземаат акција за борба против климатските промени и ги слават своите успеси. Задругите ширум светот можат да ја искористат оваа можност да покажат лидерство и да ги споделат своите кооперативни вредности во борбата против ова глобално прашање и да ја презентираат важноста од преземање акција за борба против климатските промени.*

*МАЗЗ, како единствен претставник на граѓанското општество од задружниот сектор, и понатаму ќе работи за придонес кон зголемување на свеста на фармерите за придобивките и можностите за здружување во земјоделски задруги и промовирање на здружените економски форми на делување во земјоделскиот сектор.*

**Како најава за реализација на идни активности во рамките на проектот ''Бизнис План 2019-2020" на МАЗЗ планирани се:**

- Подготовка на Прирачник за влијанието на климатските промени во земјоделството и начини и предизвици за справување на земјоделските задруги со нив,

-Подготовка на 2 видеа за промоција на земјоделски задруги и задружното движење во државата.

## „Поддршка за развој на земјоделски задруги“:

- Времетраење - 38 месеци (14 декември 2017 г. до 13 февруари 2021 г.)

- Финансиран од Европската Унија

- Буџетска линија: Инструмент за претпристапна помош – ИПА II

- Број на договор: IPA/2017/392898

- Целосен износ – 1.980.000 евра

- Веб страна: www.zadrugi.mk

## Контакт


**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАЗЗ**
Менде Ивановски
Тел: +389 70 342 293
Е-мејл: mendemazz@yahoo.com

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: +389 70 290 841
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk


## Извршна канцеларија


**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**



**Овој билтен е подготвен со помош на Европската Унија. Содржината на овој билтен е единствена одговорност на МАЗЗ и во никој случај не може да се смета дека е одраз на ставовите на Европската Унија.**

Проектот се реализира во рамките на ЕУ Проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“, кој го спроведуваат CARE и МРФП